Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 55/6
26.01. 2023 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" БР.5/02) и член 28, став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ" бр.149/14,149/15 и 53/16), Советот на Општина Градско на седница одржана на ден 26.01.2023 година, донесе:

# ПРОГРАМА
## за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Градско

## I. ВОВЕД

Со оваа програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомни кучиња, односно негистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку се затекнат на јавни површини без присуство на сопственикот, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето.

За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни.

Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во општината.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општата цел на Програмата е определување на општи мерки и активности што треба да се превземат во 2023 година за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња, како и третман согласно прописите од областа на ветеринарното здравство и благосостојбата на животните. Општината преку свој претставник изврши теренска контрола на својата територија при што беа мапирани сите бездомни кучиња, локацијата како и нивниот пол. Проценуваме дека во општина Градско има околу 50 бездомни кучиња. Во општина Градско има и појава на недговорно сопственииштво односно има одреден број на кучиња кои имаат пристап до јавни површини, без присуство на сопственикот.

Согласно став (1) од член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните ( Сл. Весник на РМ бр.149/14,149/15 и 53/16), општината е надлежна да врши собирање на бездомни кучиња, односно нерегистирани кучиња и регистрирани кучиња доколку се затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот и привремено да се сместат во соодветни објекти – прифатилишта. Сите податоци редовно и навремено треба да се ажурираат во Информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство.

## III. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

Активностите за контрола на популација на кучиња на територијата на Општина Градско подразбираат:

-заловување на кучиња,
-нивни транспорт до одобрено прифатилиште од АХВ,
-прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина,
-лабораториско испитување на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоза. Кучињата кои ќе бифат позитивни на болеста ќе се постапува согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните.
- тест за социјализација ,
-ветеринарно медицински третман на кучињата, овариохистеректомија и орхиектомија,
-постоперативно сместување и нега,
-вакцинација и дехелментација,
-обележување со микрочип,
-враќање на заловените кучиња на реонот на нивно заловување или вдомување на кучињата,
- со опасните кучиња ќе се постапува согласно позитивните законски регулативи и прописи, односно бездомните опасни кучиња може само да се вдомат, а не да се вратат на реонот на заловување,
-еутаназија на кучињата согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство,
-едукација подигнување на јавната свест кај населението.

### II. 2. Прифатилиште и медицински третман

Прифатилиштето е одобрено од стана на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Принципот на работа на „прифаќај, залови, стерилизирај, врати или вдоми", на прифатилиштето како и постапката на заловување и интервенции е во согласност со Законот за заштита и благосостојба на животните и соодветните подзаконски акти.

### II. 3. Еутаназија

Еутаназијата на животните ќе се врши во случаеви и на начин пропишан во Законот за заштита и благосостојба на животните (Сл. Весник на РМ бр.149/14,149/15 и 53/16) и Правилникот за постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начинот и содржината на податоците за водење на евиденција и начинот на вршење на надзор, условите за одобрување на прифатилиштата, формата и содржината на барањето за одобрување, како и формата и содржината и начинот на водење на Регистарот на одобрени профатилишта (Сл. Весник на РСМ бр.44/21).

Лешевите од еутизираните животни се отстрануваат на еден од законските пропишани начини и се закопуваат во специјална изградена гробна јама на депонија.

## II.4. Стерилизација (овариохистеректомија и орхиектомија)

Стерилизацијата на женските и машките животни се врши после детален клинички преглед. Сите животни кои по мислење на ветеринарот, ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат - стерилизираат.

По завршената операција, оперираните животни се сместуваат во болничкото одделение каде што престојуваат до зараснување на оперативната рана.

Во постоперативниот период животните се сместуваат во наменските кафези, односно боксови, се врши редовно хранење и се под постојан надзор од соодветни стручни лица. Боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор на стационарот.
Непосредно пред напуштање на прифатилиштето над животните се врши вакцинација против беснило и дехелментизација. Одредени животни се враќаат на приближно истата локација од каде што претходно биле заловени, обележани со ушна маркичка.

## III. Обем на активности

Во 2023 година се предвидува заловување и третирање на околу 40 животни годишно од страна на одобрено прифатилиште од Агенција за храна и ветеринарство.

Се предвидува интензитетот на заловување на бездомни кучиња во Општина Градско да биде околу 5 кучиња месечно, согласно капацитетот на сместување во прифатилиштето.

Во продолжение опис на активностите со пресметана вредност.

| | Опис на активност | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Стручен третман со кастрација** | | | | |
| 1.1 | Заловување и транспорт до прифатилиште, враќање во реонот | број | 1 | 3.000,00 | 540,00 |
| 1.2 | Лабораториско испитување на Лајшманија | број | 1 | 900,00 | 162,00 |
| 1.3 | Стерилизација | | | | |
| | Стерилизација за куче-машко | број | 1 | 2.500,00 | 450,00 |
| | Стерилизација за куче-женско | број | 1 | 4.000,00 | 720,00 |
| 1.4 | Идентификација - микрочипови, околувратник во боја, ушна маркичка | број | 1 | 1.100,00 | 198,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.5 | Вакцинација против беснило и антипаразитски третман | број | 1 | 660,00 | 118,80 |
| 1.6 | Престој во прифатилиште - дневен трошок | ден | 1 | 250,00 | 45,00 |
| **2.** | **Еутаназија** | | | | |
| 2.1 | Заловување и транспорт до прифатилиште, транспорт до депонија | број | 1 | 3.000,00 | 540,00 |
| 2.2 | Лабораториско испитување на лајшманиоза | број | 1 | 900,00 | 162,00 |
| 2.3 | Престој во прифатилиште-дневен трошок | ден | 1 | 250,00 | 45,00 |
| 2.4 | Еутаназија (безболно усмртување) | број | 1 | 2.500,00 | 450,00 |
| **3.** | **Спроведување на тест за социјализација на бездомно куче** | број | 1 | 1.000,00 | 180,00 |

## IV. Финансирање

Финансирање на Програмата се врши од средствата предвидени со Буџетот на општина Градско за 2023 година, во висина од 150.000,00 денари.

## V. Извршител

Извршител на активностите од оваа Програма ќе ја реализира прифатилиште за бездомни кучиња одобрено од АХВ односно Општина Градско има веќе склучено договор со прифатилиштето Ветеринарна клиника ИНО-ВЕТ Куманово од Куманово.

## IV.Завршни одредби

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

**Претседател**
**на Совет на општина Градско**
**Мирјана Ѓорѓиева**

________________________________